**20241362359**

## СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 116 став 2 и 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Сл весник на РМ“ бр 98/2012 .....79/2023 година), и член 4 од Правилникот за работа на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина бр. 03-06/420 од 4.7.2014 година, Одборот на седницата одржана на 26.6.2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВРЕМЕНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЗАДРШКАТА ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД – ПОСМРТНА ПОМОШ, ЧЛЕНАРИНА И ВИСИНАТА НА ИСПЛАТАТА НА ПОСМРТНА ПОМОШ

Член 1

Висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, изнесува 140,00 денари за период од 1 јули до 31 декември 2024 година.

Член 2

Висината на исплатата на посмртна помош што се исплатува на членовите на семејствата на починат пензионер, изнесува 35.000 денари за починати пензионери од 1 јули 2024 година.

Член 3

За членување во здружение на пензионери (членарина) висината на членарината изнесува 30,00 денари.

Член 4

Со ова одлука престанува да важи Одлуката за висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртната помош бр.02-06/536-4 од 27.12.2023 год. („Сл весник на РСМ“ бр.281/2023 год од 27.12.2023г).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 јули до 31 декември 2024 година.

Бр. 02-06/157-3
26 јуни 2024 година
Скопје

Одбор на Регистрирана организација
за солидарен фонд и членарина
Претседател,
**Ментор Ќоку,** с.р.